ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 0201-4188/3
24.09.2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

---

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА-СКОПЈЕ

# П Р О Г Р А М А

## За одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2024/2025 година (Зимска служба)

Септември, 2024 година

---

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД**

1. Цел на Програмата

2. Обем, динамика и ниво на одржување
   - 2.1. Обем на одржување
   - 2.2. Ниво и динамика на одржување

3. Организациона поставеност на Зимската Служба и обврски на учесниците
   - 3.1. ЈП Улици и патишта
   - 3.2. Квалификувани фирми по јавен повик на Град Скопје
   - 3.3. Сектор за планирање и уредување на просторот
   - 3.4. Кризен Штаб
   - 3.5. Други учесници
   - 3.6. Организации, заедници и граѓани

4. Преглед за приоритетно чистење и посипување на сообраќајниците

5. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на Зимската Служба

6. Извршување на програмата и надзор

7. Завршни одредби

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за комунални дејности ( "Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13 и 42/14) ,точка IV од Развојниот план за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за период од 2021-2024 година и член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта, Управниот Одбор на продолжеток на четириесет и четврта седница, одржана на ден 24.09.2024 год. донесе

# ПРОГРАМА

## за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2024/2025 година

## ВОВЕД

Во зимски услови можни се нарушување и прекини на нормалното одвивање на сообраќајот во градот, поради што одржувањето на сообраќајните површини и нивно оспособување за прием на сообраќајот претставува значајна потреба за граѓаните и стопанството.

Рационалното и економично извршување на работите предвидена со Програмата за зимска служба е во зависност од обезбедувањето на одговорен однос на сите субјекти во градот, како и од самите граѓани.

На тој начин ќе се обезбеди рационално и економично извршување на оваа Програма и воедно ќе се создадат поприфатливи услови за безбеден сообраќај односно нормално одвивање на стопанските и другите активности во градот.

## 1. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Град Скопје, опфатено со Генералниот урбанистички план и тоа преку:

- определување на обемот на работите и нивото на чистењето на снегот и голомарзиците од коловозните површини;
- дефинирање на работата и задолженијата на сите учесници кои се одговорни за реализација на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите директни учесници во реализација на оваа Програма.

## 2. ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

### 2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата физичкиот обем и начинот на одржување на магистралните и собирни улици зависи од:

- Густината на населението на делови од градот;
- Фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- Видот и бројот на инфраструктурни објекти.

Коловозните површини предвидени за оспособување на ниво на Град изнесува вкупно 2.600.000 м2 и нивното расчистување утврден согласно приоритетите за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

- Сообраќајници кои се во надлежност на Град Скопје;
- Сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот кон стопанските и други објекти;
- Пристапи (од сообраќајници до објекти) кон објекти чие функционирање е од витална потреба за градот и
- Критични (црни) точки.

Обемот на коловозните површини предвидени за оспособување даден е во прегледот за приоритетно расчистување на сообраќајниците.

### 2.2. Критични (ЦРНИ) точки и витални објекти

Критични (црни) точки на сообраќаната мрежа во надлежност на Град Скопје се деловите од сообраќајнците кои се подложни на лесно и брзо замрзнување, деловите од сообраќајнците кои се подложни на снежни наноси, надвозници, подвозници, мостови, нагорнини, надолнини, денивелирани крстосници (клучки), остри кривини, кружни текови и сл. на кои постои зголемена опасност да се загрози безбедноста на учесниците во сообраќајот при појава на ниски температури и мраз или при минимални снежни врнежи.

На сообраќајната мрежа во надлежност на Град Скопје се дефинирани следните локации како критични (црни) точки:

- **Мостови на**: ул. „Војвода Васил Чакаларов“, ул. „Сарај“, бул. „Партизански Одреди“, бул. „8-ми Септември“, бул. „Гоце Делчев“, ул. „Филип II Македонски“, бул. „Крсте Мисирков“, бул. „Никола Карев“, бул. „Киро Глигоров“ и ул. „Скупи“.

- **Клучки на:** бул. „Александар Македонски“ со ул. „М.А.Ченто“-Дијамант, бул. „Александар Македонски“ со бул. „Киро Глигоров“- Естекада, бул. „Александар Македонски“ со ул. „Беласица“ - Континентал, бул. „Никола Карев“ со бул. „Крсте Мисирков“ – Детелинака Бит Пазар и бул. „Гоце Делчев“ со ул. „Скупи“ – Кале.

- **Подвозници на:** ул. „Александар Урдаревски“, ул. „Павел Шатев“, бул. „Србија“, бул. „Гоце Делчев“ (Мавровка); бул. „Киро Глигоров“, бул: „Х.Т.Карпош“.
- **Надвозници на:** ул. „Маџари“, ул. „Лука Геров“, бул. „Македонија“ и ул. „10“ – продолжение на ул. „Љубљанска“ кон Бардовци.
- **Нагорнини и надолнини на:** ул. „Коце Металец“, ул. „Ферид Бајрам“, ул. „Радишанска“, бул. „Македонско-косовска бригада“, ул. „Самоилова“, ул. „Лазар Личеновски“, ул. „Индира Ганди“, ул. „Павел Шатев“, ул. „Црниче“, ул. „Востаничка“, бул. „Мајка Тереза“, ул. „Тодор Александров“, бул. „Христијан Тодоровски Карпош“, ул. „Козле“, ул. „100“ и ул. „101“ - Волково, ул. „Новопроектирана 17“ – Волково и ул. „Христо Татарчев“.
- **Кружни текови на**: ул. „16та Македонска бригада“, ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“, ул. „Александар Урдаревски“, бул. „Партизански Одреди“ ул. „Ѓорче Петров“ и „Христо Татарчев“.
- **Пристапи до витални објекти** - Влада на РСМ, Собрание на РСМ, Резиденција на Претседател на РСМ, Градско собрание, Клинички Центар, Детска болница - Козле, Градска болница Св. Климент Охридски (Градска Болница), Градска болница 8-ми Септември, Брза Помош, Пожарна служба, Базите на ЈСП, Полиција.

### 2.3. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- Сообраќајниците кои се во надлежност на Град Скопје со критични точки и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот;
- Сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот, стопанските и други објекти;

За време траењето на функционирањето на Зимската служба се обезбедува континуирано дежурство.

Одговорните работници на дежурство вршат потребни контроли со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Посипувањето на подмрзнатиците со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет, на критичните точки и сообраќајниците кои се во надлежност на Град Скопје.

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Состојба на присуство на голомразици и снежни врнежи до 12 см и
- Состојба на присуство на голомразици и снежни врнежи над 12 см.

Оспособувањето (расчистувањето) на коловозните површини со голомразици и снежни врнежи до 12 см го врши ЈП Улици и Патишта, со својата ангажирана механизација, работна сила и со абразивни средства кои ги обезбедува Градот Скопје, врши оспособување на коловозните површини за

сообраќајот и тоа првенствено на критичните точки и виталните објекти, сообраќајниците кои се во надлежност на Град Скопје по кои се одвива јавен градски превоз, а потоа на другите сообраќајници во се спрема оперативниот план кој го изготвува Зимската служба во согласност со Градот Скопје.

За поефикасно и навремено оспособување на сообраќајниците за непречено одвивање на сообраќајот, механизацијата и работната сила ќе бидат стационирани на 3 (три) пункта – Асфалтна база на ЈП Улици и патишта-во кругот на ф-ка Железара – Бутел, Стара механизација на ул. „Христо Татарчев" – Кисела Вода и во Базата на ЈСП – Ѓорче Петров и ќе се одвива со 24 часовни дежурства.

Булеварите и сообраќајниците кои се во надлежност на Град Скопје по кои се одвива јавен градски превоз ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 5 (пет) часа, сметано од моментот на престанување на снежните врнежи. Притоа булеварите ќе бидат оспособени за сообраќај со по две ленти во двете насоки.

Оспособувањето на останатите сообраќајници ќе се врши по оспособувањето на булеварите и сообраќајниците по кои се одвива јавен градски превоз.

Кога голомразиците и снежните врнежи се над 12 см, оспособувањето (расчистувањето) на коловозните површини го врши ЈП Улици и патишта заедно со возилата и градежната механизација од квалификуваните фирми по јавен повик на Град Скопје, согласно договорените обврски и тоа:

- За сообраќајниците во надлежност на Град Скопје по кои се одвива јавен градски превоз за 6 (шест) часа сметано од моментот на престанувањето на снежните врнежи;
- Останатите сообраќајници ќе се оспособуваат веднаш по извршувањето оспособувањето на сообраќајниците по кои се одвива јавен градски превоз;
- ЈП Улици и патишта обезбедува соодветен стручен надзор пооделно за секоја градежна машина и возила од ангажираните претпријатија.

### 2.4. Механизација, опрема, материјали и работна сила на ЈП Улици и патишта:

- **Механизација и опрема:**
- Лесно возило 2
- Утоварувач 3
- Камион со посипувач за сол 5
- Спец. Возило со посипувач на сол и снежен плуг 1
- Машини за чистење на велосипедски патеки и помали улици со утоварна корпа 4
- Возило со кипер за сол за рачна интервенција 4
- Градежни машини- грејдер 1 (на повик)
- Контролори за градежни машини и возила 3

- **Работна рака**
- Раководител на смена 2
- Дежурен работник 2
- Работници за припрема на сол и учество во интервенција 8

## 2.5. Возила и градежни машини од фирми квалификувани по јавен повик на Град Скопје:

- Специјални возила со посипувач на сол и снежен плуг, (троосовински и четириосовински) 16
- Специјални возила со посипувач на сол и снежен плуг (двоосовински) 2
- Утоварувач со корпа со капацитет мин. 2 м3 1

Во случај на потреба Зимската служба врши ангажирање на дополнителна работна рака во согласност со Град Скопје. При интензивни врнежи од снег (5-12 см) спрегот на возилото со хидрауличен нож и посипувач ќе се врши плужење и посипување со сол според оперативниот план.

## 2.6. Материјали за сезоната 2024/2025:

- Индустриска сол 3.540 тони (залиха од Зимска служба 2023/2024)
- Ладен асфалт 200 тони

Материјалите ќе се складираат на трите пункта на ЈП Улици и патишта и ќе се употребуваат согласно временските услови.
Ладната асфалтна маса која е претходно припремена ќе се употребува за поправка на оштетените сообраќајни површини.

# 3. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Зимската служба ја организира Градот Скопје во рамките на ЈП Улици и патишта и истата е носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата како што е предвидено со оваа Програма. Јавното претпријатие остварува потребна соработка со Град Скопје и заедно се одговорни за функционирањето на Зимската служба, согласно оваа Програма.

Зимската служба и Градот Скопје остваруваат соработка и со сите други субјекти во градот задолжени за спроведување на Програмата за функционирање на Зимската служба.

### 3.1. ЈП Улици и Патишта

ЈП Улици и патишта изготвува-предлага Оперативен план за функционирање на Зимската служба.

Зимската служба и ЈП Улици и патишта ја следат реализацијата на оваа Програма и заедно со Кризниот Штаб( координативното тело) формиран од Град Скопје, одлучуваат за вклучување на возила и градежни машини од фирми квалификувани по јавен повик на Град Скопје и превземање на потребни активности предизвикани од временската состојба:

- Склучува договор за Зимска служба со Град Скопје;
- Обезбедување на дневни, неделни и месечни временски прогнози од Управата за хидрометеоролошки работи;
- Обезбедување на стручни лица за вршење надзор во извршувањето на задачите од страна на фирми квалификувани по јавен повик на Град Скопје;
- Организирање на непрекинато 24 часовно дежурство за времетраење на Зимската служба;
- Обезбедување на складирање, растурање и вградување на сол, песок, ладен асфалт и други материјали;
- Подготовка на возила и механизација и друга потребна механизација и обезбедување нивна исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- Посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини со специјални машини, опрема и работна рака;
- Водење целосна документација за Зимската служба;
- Доставување на месечен распоред на лица за дежурство со податоци за работна рака и механизација, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Градот Скопје;
- Вршење редовно тековно одржување на возилата и специјалните машини, како и другата механизација;
- Обезбедување на потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Организирање редовни дежурства со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на механизацијата за дејствување во Зимската служба.

Покрај ЈП Улици и патишта и другите субјекти вршат расчистување согласно задолженијата кои произлегуваат од Одлуката на Советот на Град Скопје за расчистување во зимски период.

### 3.2. Квалификувани фирми

Механизацијата на фирмата кои се квалификувани по јавен повик на Град Скопје ја ангажира Зимската служба. Механизацијата ја сочинуваат 16 специјални возила, опремени со ГПС, преку кој се врши контрола на

извршената работа- активни часови и посипена сол и се стационирани во двата пункта на ЈП Улици и патишта. Расчистувањето со оваа механизација се врши според плановите за расчистување на сообраќајниците во градот.

Целокупната документација за учество на градежната опрема ја води ЈП Улици и патишта, преку задолжените лица и тоа за присуството на механизацијат, времето на вклучување, реализираниот број на часови и квалитетот на извршените работи.

Месечната ситуација за работата на оваа механизација ја потпишува Надзорен орган.

Град Скопје (Сектор за планирање и уредување на просторот):

- Врши стручен надзор во извршувањето на Програмата за зимска служба;
- Обезбедува потребна количина на абразивни средства;
- Обезбедува 16 специјални возила, 2 спец.возила со посипувач на сол и снежн плуг и 1 утоварувач по јавен повик;
- Ја координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- Заедно со Зимската служба и ЈП Улици и патишта ги вклучува во работа возилата и градежните машини од фирмите квалификувани на јавниот повик;
- Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците.

### 3.3. Кризен Штаб

За координирање на активностите на учесниците согласно оваа Програма во зимски услови Град Скопје формира Кризен Штаб.

### 3.4. Други учесници

- **СВР- Скопје- Сообраќајна полиција при Одделението за безбедност** го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти. Во посебни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог до ЈП Улици и патишта за преземање активности за оспособување на сообраќајниците или одделни делови( црни точки)

- **Управата за хидрометеоролошки работи** доставува извештаи и прогнози (дневни, тридневни, неделни и месечни) за временските услови до Зимската служба, ЈП Улици и патишта.

## 3.5. Организации, заедници и граѓани

### ЈП Комунална хигена

- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
- Ги расчистува пешачките зони, улиците во Старата чаршија , плоштадите и пешачките пристапи до објекти кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма.

Контрола врз работењето на ЈП Комунална Хигиена врши Зимската служба.

### ЈП Водовод и канализација

- Ја оспособува атмосферската канализација и сливниците и решетките за прием на поголеми количини вода во зимските услови и со цистерни ја отстранува водата од црните точки каде нема атмосферска канализација( подвозници, улици во населбите и др.)

Контрола врз работењето на ЈП Водовод и канализација врши Зимската служба.

### ЈП Паркови и зеленило

- Го отсранува снегот и пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во Градот;
- Врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки од коловоз.

Контрола врз работењето на ЈП Паркови и зеленило врши Зимската служба.

### ЈСП Скопје

- Презема мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските постојки и нивно оспособување за користењеи е во постојана комуникација со Зимска служба.

### ЈП Градски Паркинг

- Превзема мерки за отстранување на снегот и мразот од паркинзите и пристапот до нив;

На повик на Зимската служба учествува со Пајак службата за отстранување на возила од сообраќајниците за нивно непречено оспособување за сообраќај.

**ЕВН – Македонија** – ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации.

**Македонски Телеком** – ги презема потребни мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди, инсталации.

**Трговските друштва –** чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните( пазаришта, гробишта, железнички премини, бензински пумпи, паркиралишта и сл.) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

**Трговските друштва и граѓаните –** сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (трговски центри, дуќани, продавници и сл.) преземаат мерки за чистење на снегот и подмрзнатиците пред своите субјекти.

**Граѓаните** го чистат снегот и подмрзнатиците од тротоарите- патеките и приодите пред своите станбени згради и куќи.

Исто така, граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Очистениот снег се собира пред зградите и куќите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

## 4. ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Врз основаначлен 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весникна РМ бр.5/02), Член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ( Сл. Весник РМ бр.79/09) и член 9 став 2 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014, 42/2014, 166/2014, 44/2015, 116/2015, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16.), улици во надлежност на Град Скопје се:

Табела 1: Сообраќајници во надлежност на Град Скопје

| **МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Име** | **Општина** | **м1** | **м2** |
| 1 | бул.АСНОМ | Аеродром | 2.270 | 47.670 |
| 2 | бул.Србија | К.Вода | 1.900 | 39.900 |
| | | Аеродром | 2.200 | 46.200 |
| 3. | бул. Никола Карев | Чаир | 3.000 | 63.000 |
| | | Карпош | 800 | 8.800 |
| 4. | бул. Гоце Делчев | Центар | 2.000 | 42.000 |
| 5 | бул. Македонија | Центар | 810 | 8.505 |
| | | К.Вода | 300 | 3.150 |
| 6 | бул. Кочо Рацин | Центар | 1.000 | 21.000 |
| 7 | бул. Крсте Мисирков | Центар | 1.000 | 21.000 |
| | | Чаир | 400 | 8.400 |
| 8 | бул. Св.Климент Охридски | Центар | 1.000 | 16.000 |
| 9 | бул. Илинден | Карпош | 3.500 | 73.500 |
| | | Центар | 1.270 | 26.670 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | бул. 8-ми Септември | Карпош | 2.700 | 56.700 |
| 11 | бул. Македонска војска | Ѓ.Петров | 800 | 11.200 |
| 12 | бул. Александар Македонски | Г.Баба | 7.600 | 159.600 |
| 13 | бул. Киро Глигоров (Војводина) | Г.Баба | 1.800 | 32.400 |
| 14 | бул. Македонско-Косовска бригада | Чаир | 1.350 | 9.450 |
| | | Бутел | 750 | 5.250 |
| 16 | бул. Словенија | Бутел | 1.800 | 25.200 |
| 17 | бул. Крушевска Република (Пролет) | Центар | 1.000 | 12.000 |
| 18 | бул. Цветан Димов | Чаир | 2.000 | 28.000 |
| 19 | бул. Босна и Херцеговина | Бутел | 1.700 | 23.800 |
| 20 | бул. Црногорска | Ѓ.Петров | 3.380 | 37.180 |
| 21 | бул. Христијан Тодоровски Карпош | Чаир | 1.200 | 25.200 |
| | | Бутел | 2.200 | 46.200 |
| 22 | ул. Методија Андонов Ченто | Г.Баба | 4.600 | 41.400 |
| 23 | ул. Сарај | Сарај | 1.500 | 10.500 |
| 24 | ул. 15-ти Корпус | Гази Баба | 600 | 5.400 |
| СОБИРНИ УЛИЦИ | | | | |
| 1 | бул. Мајка Тереза (Водњанска) | Центар | 950 | 13.300 |
| 2 | бул. Јане Сандански | Аеродром | 2.000 | 42.000 |
| 3 | бул. 3-та Македонска бригада | Центар | 400 | 8.400 |
| | | Аеродром | 3.000 | 63.000 |
| 4 | бул. 12-та Македонска бригада | Аеродром | 1.300 | 27.300 |
| 5 | бул. Видео Смилевски – Бато | Аеродром | 1.500 | 21.014 |
| 6 | бул. Февруарски поход | Аеродром | 1.000 | 14.000 |
| 7 | бул. Партизански одреди | Центар | 1.400 | 29.400 |
| | | Карпош | 4.000 | 84.000 |
| | | Ѓорче Петров | 600 | 12.600 |
| 8 | бул. Кузман Јосифовски-Питу | Центар | 675 | 14.175 |
| | | Аеродром | 1.350 | 28.350 |
| 9 | бул. ВМРО | Центар | 450 | 9.450 |
| 10 | ул. Манапо | Карпош | 550 | 7.700 |
| 11 | ул. Антон Попов | К.Вода | 850 | 5.950 |
| 12 | ул. Фрањо Клуз | Аеродром | 550 | 3.850 |
| 13 | ул. Никола Карев | Центар | 1.400 | 21.000 |
| 14 | ул. Димо Хаџи Димов | К.Вода | 2.100 | 18.900 |
| 15 | ул. Павел Шатев (Бихачка) | К.Вода | 500 | 3.500 |
| 16 | ул. Востаничка | Центар | 340 | 2.380 |
| | | К.Вода | 1.560 | 10.920 |
| 17 | ул. Христо Татарчев | К.Вода | 1.700 | 11.900 |
| 18 | ул. Народни Херои | К.Вода | 850 | 5.950 |
| 19 | ул. Борис Трајковски (Првомајска) | К.Вода | 9.480 | 99.540 |
| 20 | ул. Јустинијан I (Драчевска) | К.Вода | 3.800 | 26.600 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21 | Ул. Есенинова | К.Вода | 200 | 800 |
| 22 | ул. Самоилова | Центар | 2.000 | 18.000 |
| 23 | ул. Лазар Личеновски | Центар | 1.800 | 12.600 |
| 24 | ул. Димитрија Чуповски | Центар | 760 | 10.640 |
| 25 | ул. Св. Кирил и Методиј (Мито Хаџи Василев- Јасмин) | Центар | 1.500 | 21.000 |
| 26 | ул. 11-ти Октомври | Центар | 1.750 | 31.500 |
| 27 | ул. Јордан Мијалков (Железничка) | Центар | 1.050 | 12.600 |
| 28 | ул. Васил Ѓоргов | Центар | 1.200 | 10.800 |
| 29 | ул. Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | Центар | 2.000 | 24.000 |
| 30 | ул. Козле | Карпош | 2.800 | 25.200 |
| 31 | ул. Коце Металец | Г. Баба | 1.300 | 9.100 |
| 32 | ул. 16-та Македонска Бригада | Г. Баба | 1.200 | 13.200 |
| 33 | кеј Димитар Влахов | Центар | 1.600 | 11.200 |
| 34 | ул. Благоја Стефковски | Г. Баба | 4.100 | 45.100 |
| 35 | ул. Маџари | Г. Баба | 1.800 | 18.000 |
| 36 | ул. Индира Ганди (Шуто Оризари) | Ш.Оризари | 3.000 | 36.000 |
| 37 | ул. Џон Кенеди | Чаир | 1.350 | 18.900 |
| 38 | ул. 2-ра Македонска Бригада | Бутел | 650 | 4.550 |
| 39 | | Чаир | 650 | 4.550 |
| 40 | ул. Ферид Бајрам | Бутел | 1.140 | 9.120 |
| | | Чаир | 650 | 4.550 |
| 41 | ул. Ќемал Сејфула | Чаир | 1.180 | 9.440 |
| | | Бутел | 970 | 7.760 |
| 42 | ул. Александар Урадревски | Бутел | 2.800 | 19.600 |
| 43 | ул. Бутелска | Бутел | 1.100 | 8.800 |
| 44 | ул. Радишанска | Бутел | 2.800 | 16.800 |
| 45 | ул. Франклин Рузвелт | Центар | 1.500 | 21.000 |
| 46 | ул. Скупи | Карпош | 2.500 | 12.500 |
| 47 | ул. Никола Парапунов | Карпош | 760 | 8.360 |
| 48 | ул. Московска | Карпош | 760 | 10.640 |
| 49 | ул. Јуриј Гагарин | Карпош | 700 | 4.200 |
| 50 | ул. Св. Прохор Пчињски | Чаир | 400 | 3.200 |
| **51** | ул. Перо Наков | Г. Баба | 3.600 | 21.600 |
| 52 | ул. 808 | Г. Баба | 1.850 | 16.650 |
| 53 | ул. Брадфорска | Карпош | 600 | 6.600 |
| 54 | ул. Ѓорче Петров | Ѓ.Петров | 3.800 | 49.400 |
| 55 | ул. Лука Геров | Ѓ.Петров | 2.100 | 15.750 |
| 56 | ул. Васко Карангелевски | Аеродром | 600 | 4.800 |
| 57 | ул. Лазо Трповски | Чаир | 1.300 | 9.100 |
| | | Бутел | 300 | 2.100 |
| 58 | ул. Митрополит Теодосиј | Центар | 1.900 | 26.600 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Гологанов | | | |
| 59 | ул. Македонија | Карпош | 2.600 | 28.600 |
| 60 | ул. Даме Груев | Центар | 520 | 5.200 |
| 61 | ул. Новопроектирана 12 | Центар | 1.100 | 8.250 |
| 62 | ул. Филип Втори Македонски | Шуто Оризари | 350 | 2.450 |
| 63 | ул. Беласица | Центар | 1.100 | 15.400 |
| 64 | ул. Ацо Шопов | Центар | 350 | 4.200 |
| 65 | ул. Белградска | Карпош | 1.400 | 12.600 |
| 66 | ул. Лазар Личеноски | Центар | 955 | 3.820 |
| 67 | ул. Боца Иванова | Центар | 1.850 | 18.500 |
| 68 | ул. Борис Сарафов (4-ти Јули) | Бутел | 2.250 | 15.750 |
| 69 | ул. Лепенец | Ѓ.Петров | 3.000 | 33.000 |
| 70 | ул. Борис Кидрич | Ѓ.Петров | 700 | 2.800 |
| 71 | ул. Војвода Васил Чакаларов (Алфред Циборовски) | Аеродром | 450 | 2.700 |
| 72 | ул. Љубљанска | Ѓ.Петров | 1.500 | 10.500 |
| 73 | ул. Волковска (ул. Тиранска, ул. 100 и ул. 101) | Карпош | 600 | 8.400 |
| 74 | ул. Мирче Ацев | Ѓ.Петров | 5.400 | 37.800 |
| 75 | Пат за Горно Нерези | Центар | 230 | 2.300 |
| 76 | ул. Сремски Фронт | Карпош | 1.400 | 14.000 |
| 77 | ул. Шарпланинска | Ѓ.Петров | 590 | 4.130 |
| 78 | ул. Новопроектирана 17 | Ѓ.Петров | 930 | 19.530 |
| 79 | ул. Михаил Чаков | Ѓ.Петров | 1.400 | 11.200 |
| 80 | ул. Лондонска | Кисела Вода | 460 | 3.220 |
| 81 | ул. 1632 – према Кванташки | Карпош | 440 | 6.600 |
| 82 | Хасан Приштина(Јадранска Магистрала) | Г. Баба | 2.000 | 14.000 |
| 83 | ул. Јужноморавски бригади | Карпош/ Бутел | 3.710 | 27.820 |
| | | Г. Баба | 1.000 | 9.000 |

## 5 ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе се врши од средствата предвидени со Програмата за користење средствата од употреба на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје,позиција Организирање и функционирање на зимската служба

### 5.1. Материјални трошоци

#### 5.1 1. месец Ноември 2024 год.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. 1. 1. 1. | Утоварувач за сол | 3 | x | 4,8 | x | 16 | x | 4.000 | .= | 921.600 |
| 5. 1. 1. 2. | Камион со посипувач на сол | 5 | x | 4,8 | x | 16 | x | 3.000 | .= | 1.152.000 |
| 5. 1. 1. 3. | Спец.возило со посипувач на сол и снежен плуг | 1 | x | 4,8 | x | 16 | x | 2.100 | .= | 161.280 |
| 5. 1. 1. 4. | Машина за чистење на велосипедски патеки и помали улици со утоварна корпа | 4 | x | 4,8 | x | 16 | x | 2.500 | .= | 768.000 |
| 5. 1. 1. 5. | Возило со кипер за сол за рачна интервенција | 4 | x | 4,8 | x | 16 | x | 1.500 | .= | 460.800 |
| 5. 1. 1. 5. | Дежурен работник | 4 | x | 24 | x | 16 | x | 250 | .= | 384.000 |
| 5. 1. 1. 6. | Работници за припрема на сол и интервенции | 8 | x | 24 | x | 16 | x | 235 | .= | 721.920 |
| | СЕ: | | | | | | | | | 4.569.600 |

#### 5.1 2. месец Декември 2024 год.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. 1. 2. 1. | Утоварувач за сол | 3 | x | 4,8 | x | 31 | x | 4.000 | .= | 1.785.600 |
| 5. 1. 2. 2. | Камион со посипувач на сол | 5 | x | 4,8 | x | 31 | x | 3.000 | .= | 2.232.000 |
| 5. 1. 2. 3. | Спец.возило со посипувач на сол и снежен плуг | 1 | x | 4,8 | x | 31 | x | 2.100 | .= | 312.480 |
| 5. 1. 2. 4. | Машина за чистење на велосипедски патеки и помали улици со утоварна корпа | 4 | x | 4,8 | x | 31 | x | 2.500 | .= | 1.488.000 |
| 5. 1. 2. 5. | Возило со кипер за сол за рачна интервенција | 4 | x | 4,8 | x | 31 | x | 1.500 | .= | 892.800 |
| 5. 1. 2. 5. | Дежурен работник | 4 | x | 24 | x | 31 | x | 250 | .= | 744.000 |
| 5. 1. 2. 6. | Работници за припрема на сол и интервенции | 8 | x | 24 | x | 31 | x | 235 | .= | 1.398.720 |
| | СЕ: | | | | | | | | | 8.853.600 |

#### 5.1 3. месец Јануари 2025 год.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. 1. 3. 1. | Утоварувач за сол | 3 | x | 4,8 | x | 31 | x | 4.000 | .= | 1.785.600 |
| 5. 1. 3. 2. | Камион со посипувач на сол | 5 | x | 4,8 | x | 31 | x | 3.000 | .= | 2.232.000 |
| 5. 1. 3. 3. | Спец.возило со посипувач на сол и снежен плуг | 1 | x | 4,8 | x | 31 | x | 2.100 | .= | 312.480 |
| 5. 1. 3. 4. | Машина за чистење на велосипедски патеки и помали улици со утоварна корпа | 4 | x | 4,8 | x | 31 | x | 2.500 | .= | 1.488.000 |
| 5. 1. 3. 5. | Возило со кипер за сол за рачна интервенција | 4 | x | 4,8 | x | 31 | x | 1.500 | .= | 892.800 |
| 5. 1. 3. 5. | Дежурен работник | 4 | x | 24 | x | 31 | x | 250 | .= | 744.000 |
| 5. 1. 3. 6. | Работници за припрема на сол и интервенции | 8 | x | 24 | x | 31 | x | 235 | .= | 1.398.720 |
| | СЕ: | | | | | | | | | 8.853.600 |

#### 5.1 4. месец Фавруари 2025 год.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. 1. 4. 1. | Утоварувач за сол | 3 | x | 4,8 | x | 28 | x | 4.000 | .= | 1.612.800 |
| 5. 1. 4. 2. | Камион со посипувач на сол | 5 | x | 4,8 | x | 28 | x | 3.000 | .= | 2.016.000 |
| 5. 1. 4. 3. | Спец.возило со посипувач на сол и снежен плуг | 1 | x | 4,8 | x | 28 | x | 2.100 | .= | 282.240 |
| 5. 1. 4. 4. | Машина за чистење на велосипедски патеки и помали улици со утоварна корпа | 4 | x | 4,8 | x | 28 | x | 2.500 | .= | 1.344.000 |
| 5. 1. 4. 5. | Возило со кипер за сол за рачна интервенција | 4 | x | 4,8 | x | 28 | x | 1.500 | .= | 806.400 |
| 5. 1. 4. 5. | Дежурен работник | 4 | x | 24 | x | 28 | x | 250 | .= | 672.000 |
| 5. 1. 4. 6. | Работници за припрема на сол и интервенции | 8 | x | 24 | x | 28 | x | 235 | .= | 1.263.360 |
| | СЕ: | | | | | | | | | |

## 5.1 5. месец Март 2025 год.

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. 1. 5. 1. | Утоварувач за сол | 3 | x | 4,8 | x | 15 | x | 4.000 | .= | 864.000 |
| 5. 1. 5. 2. | Камион со посипувач на сол | 5 | x | 4,8 | x | 15 | x | 3.000 | .= | 1.080.000 |
| 5. 1. 5. 3. | Спец.возило со посипувач на сол и снежен плуг | 1 | x | 4,8 | x | 15 | x | 2.100 | .= | 151.200 |
| 5. 1. 5. 4. | Машина за чистење на велосипедски патеки и помали улици со утоварна корпа | 4 | x | 4,8 | x | 15 | x | 2.500 | .= | 720.000 |
| 5. 1. 5. 5. | Возило со кипер за сол за рачна интервенција | 4 | x | 4,8 | x | 15 | x | 1.500 | .= | 432.000 |
| 5. 1. 5. 5. | Дежурен работник | 4 | x | 24 | x | 15 | x | 250 | .= | 360.000 |
| 5. 1. 5. 6. | Работници за припрема на сол и интервенции | 8 | x | 24 | x | 15 | x | 235 | .= | 676.800 |
| | **СЕ:** | | | | | | | | | **4.284.000** |

## 5. 2. РЕКАПИТУЛАР

| | | |
|---|---|---|
| 5. 2. 1. | м.Ноември | 4.569.600 |
| 5. 2. 2. | м.Декември | 8.853.600 |
| 5. 2. 3. | м.Јануари | 8.853.600 |
| 5. 2. 4. | м.Февруари | 7.996.800 |
| 5. 2. 5. | м.Март | 4.284.000 |
| | **СЕ:** | **34.557.600** |
| | ДДВ 18% | 6.220.368 |
| | **ВКУПНО:** | **40.777.968** |

**Напомена:**фактурирањето се извршува месечно и доколку нема интервенции се фактурираат за одржување ефективни 4,8 часа за механизација,за дежурните работници 24 часа и за работниците за припрема на сол и интервенции за 24 часа. Во случај да има интервенции се фактурира износот кој не е опфатен со месечното одржување од 4,8 ефективни часа.

## 5. 3. Градежна оператива

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. 3. 1. | Грејдер | 1 x 4,8 x 31 x 5.600 .= | 833.280 |
| | ДДВ 18% | | 149.990 |
| | **ВКУПНО:** | | **983.270** |

## 5. 4. Материјали

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. 4. 1. | Ладен асфалт | т. 200 x 16.850 .= | 3.370.000 |
| | ДДВ 18% | | 606.600 |
| | **ВКУПНО:** | | **3.976.600** |

## 5. 5. РЕКАПИТУЛАР

| | | |
|---|---|---|
| 5. 5. 1. | Месечни трошоци кон ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА- Скопје | 40.777.968 |
| 5. 5. 2. | Градежна оператива-обезбедена од ЈП Улици и патишта | 983.270 |
| 5. 5. 3. | Ладен асфалт - обезбедена од ЈП Улици и патишта | 3.976.600 |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **45.737.838** |

## 6. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И НАДЗОР

Активностите за одржување на сообраќајниците во зимски услови ги реализира Зимската служба при ЈП Улици и патишта-Скопје.

Надзор врз извршувањето на Програмата врши Секторот за планирање и уредување на просторот.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето согласност од Советот на Град Скопје.**

Изготвил: Соња Кимова Делевска

Одобрил: в.д. Директор Ванчо Умленски

УПРАВЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ:Даниела Димовска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA СКОПЈЕ-SHKUP